„Јадевме сехур заедно со Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, а потоа тој стана за да клања. Прашав: ‚Колку време имаше меѓу езанот и сехурот?‘ Тој рече: ‚Колку што е потребно да се прочитаат педесет ајети од Куранот.‘“

Зејд бин Сабит, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Јадевме сехур заедно со Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, а потоа тој стана за да клања. Прашав: ‚Колку време имаше меѓу езанот и сехурот?‘ Тој рече: ‚Колку што е потребно да се прочитаат педесет ајети од Куранот.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Некои од асхабите, Аллах нека е задоволен со нив, јаделе сехур заедно со Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, а потоа тој станал за да клања сабах намаз. Енес, Аллах нека е задоволен со него, го прашал Зејд бин Сабит: „Колкав временски распон имаше помеѓу езанот и завршувањето на сехурот?“ Тој одговорил: „Онолку колку што е доволно да се прочитаат педесет ајети со умерена должина – ни долги ни кратки – и со средно темпо, без брзање и без забавување.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4457